**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Излегува по потреба, Вторник, 13.05.2025 год. Бр. 3/2025**

**конт.тел 046-784-640; faks 046-784-641;**

**e-mail contact@vevcani.gov.mk www.vevcani.gov.mk**

**Ред. број.........................................стр.**

1. **ОДЛУКА**
   **за давање на трајно користење на движна ствар.......................................2**
2. **О Д Л У К А**
   **за прифаќање на иницијатива за за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.............2**
3. **ОДЛУКА**
   **за спроведување на ликвидација, назначување на ликвидатор и промена на назив и скратен назив на друштвото.......3**
4. **О Д Л У К А**
   **усвојување на измена на годишен план за вработување на ЈП „Еремја“ Вевчани за 2025 година................................................4**
5. **О Д Л У К А**
   **за узвојување на тримесечен финансиски извештај на ЈП „Еремја“ Вевчани............4**
6. **ОДЛУКА**
   **за давање на трајно користење на движна ствар..........................................................4**
7. **ОДЛУКА**
   **за усвојување на квартален извештај за извршувањето на буџет на Општина Вевчани за 1 квартал 2025 година (образец К1), квартален извештај за доспеани ненамирени обврски за 1 квартал 2025 година (образец К2), и квартален извештај за промените и состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините за 1 квартал 2025 година (образец К3)...................5**
8. **ОДЛУКА**
   **за усвојување на буџетски календар на Општина Вевчани за подготовка на буџетот на општината за 2026година....5**
9. **О Д Л У К А**
   **за доделување на финансиски средства.....................................................6**
10. **ОДЛУКА**
    **за отпис на побарувања и обврски...........7**
11. **ОДЛУКА**
    **за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче запишано во учебната 2025/2026 година.........................................7**
12. **ОДЛУКА**
    **за доделување еднократна парична помош на семејствата со полуматуранти запишани во учебната 2024/2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани...........8**
13. **О Д Л У К А**
    **за усвојување на годишна завршна сметка на ООУ „Страшо Пинџур„ Вевчани за 2024година...8**
14. **О Д Л У К А**
    **за измена и дополнување на Статутот на Општина Вевчани......8**

**Издавач:**
**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Компјутерска обработка:**
**СТРУЧНА СЛУЖБА НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 14-а став 1 точка 13 од Статутот на Општина Вевчани, Советот на Општина Вевчани на седницата одржана на ден08.05.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За давање на трајно користење на движна ствар**

**Член 1**

Советот на Општина Вевчани, го дава на трајно користење специјалното возило за собирање на цврст отпад на Јавното претпријатие за комунални дејности и облагородиување на природни ресурси „Еремја“ Вевчани, чиј основач е Општина Вевчани.

Возилото кое се дава на трајно користење е со следните спецификации:

- Марка: MITSUBISHI FUSO
- Комерцијална ознака: CANTER 7C15
- Тип/варијанта/изведба: FE4P10TF1N2/D1BXS4X/748M83EX3
- Идентификационен број на возилото: TYBFEB71ELDD16024
- Тип на мотор: 4P10-SAT4
- Идентификационен број на моторот: G29580
- Сила на моторот: 110KW
- Зафатнитна на мотор: 2998 $m^3$
- Техничко еколошки параметри на возилото: Euro 6
- Боја: 01-Бела
- Категорија и вид на возило:N2 - Товарно
- Облик и намена на каросеријата: SG - Комунално
- Надградба на возило: Надградба EFE 222 со сериски број 242220143 од 07/2024 година, со капацитет од 6 $м^3$ и капацитет од 1 $м^3$ на приемното корито.

**Член 2**

Од моментот на предавање на трајно користење на возилото наведено во член 1, сите права и обврски околу одржување, користење и располагање со возилото преминуваат на ЈП „Еремја“ Вевчани.

ЈП „Еремја“ Вевчани е должна со возилото да се грижи со внимание на добар домаќин и за секоја евентуална настаната штета на возилото, должност е на јавното претпријатие да ја санира истата.

**Член 3**

Возилото се предава на трајно користење во моментот на донесување на оваа Одлука.

**Член 4**

Советот на Општина Вевчани го задржува правото во случај на недомаќинско располагање со возилото, истот да го одземе од јавното претпријатие и да ја поништи одлуката за трајно користење.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила во моментот на нејзино донесување од страна на Советот на Општина Вевчани, а ќе биде објавена во „Службен гласник “ на Општина Вевчани

**Бр. 08-26/3**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002, и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 62 од Законот за урбанистичкото планирање (Сл. весник на РСМ 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24), а во врска со Барање бр. 10-9/2 од 29.04.2025 година од Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и ЛЕР при Општина Вевчани, Советот на општина Вевчани на дваесет и првата седница одржана на 08.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на иницијатива за за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата на Александар Грујоски од с.Прискупштина, Струга, поднесена на 17.01.2025 година, за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за

формирање на градежна парцела за изградба на објект со намена Б2-Големи единици за трговија (над 200 $м^2$ и/или повеќе од П+1 кат) – Б2.4-Супермаркети, хипермаркети и други големи маркети на КП бр. 2967/1, КП бр. 2788/1 и дел од КП бр.7166/1, КО Вевчани-Вон град, општина Вевчани, со површина од 12400 $м^2$.

**Член 2**

Се задолжува Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и ЛЕР, да го известат подносителот на иницијативата за прифаќање на истата и да го насочат кон текот на постапката.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на општина Вевчани".

**Бр. 08-26/4**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва на Р.М. (Сл.Весник на Р.Македонија бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010 и 24/20011) чл.538-552 и член11 од Одлуката за основање на друштвото бр. 08-31/11 од 24.08.2023 година, Советот на Општина Вевчани, како единствен основач и содружник во Друштво за услуги и трговија ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ ДООЕЛ Вевчани со седиштена во Вевчани, населено место без уличен систем, со ЕМБС:5992940 на ден 08.05.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За спроведување на ликвидација, назначување на ликвидатор и промена на назив и скратен назив на друштвото**

Член 1

Друштвото за услуги и трговија ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ ДООЕЛ Вевчани престанува да работи и да ја обавува дејноста за која истото беше регистрирано.

За целта предвидена во ставот 1 од овој член, а во согласност со Законот за трговските друштва ќе се спроведе постапка за ликвидација на трговоското друштво.

Член 2

За ликвидатор на Друштвото за услуги и трговија ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ ДООЕЛ Вевчани, се именува управителот на истото лицето Александра Велкоска од Вевчани со ЕМБГ ----------------,

Ликвидаторот е должен да ги превземе сите дејствија предвидени согласно одредбите од Законот за трговските друштва и актот за основање на друштвото за целосно и кончено спроведување на постапката за ликвидација на друштвото.

Член 3

Кон називот и скратениот назив на друштвото, над кое се води ликвидациона постапка се додава ознаката – во ликвидација.

Променетиот назив на друштвото гласи:

- Друштво за услуги и трговија ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ ДООЕЛ Вевчани – во ликвидација

Променетиот скратен назив на друштвото гласи:

- ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ ДООЕЛ Вевчани – во ликвидација

Член 4

Одлуката стапува во сила веднаш и истата ќе се достави до архивата на друштвото и до Трговскиот регистар при Централниот регистар на Р. Македонија.

**Бр. 08-26/5**
**08.05.2025 год.**
**Вевчани 07.05.2025 година**

**Основач**
**Совет на Општина Вевчани**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 и Службен весник н РСМ бр 202/2024), а во врска со Измена на годишен план за вработување во ЈП „Еремја" Вевчани за 2025 година бр. 04-41/6 од 08.04.2025 година, Советот на Општина Вевчани на својата дваесет и прва седница одржана на ден 08.05.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**Усвојување на измена на годишен план за вработување на ЈП „Еремја“ Вевчани за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува узвојува измената на Годушниот план за вработување на ЈП „Еремја“ Вевчани за 2025 година

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Измената на годишниот план за вработување на ЈП „Еремја“ Вевчани за 2025 година

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Вевчани“.
регистар при Централниот регистар на Р. Македонија.

**Бр. 08-26/6**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и Службен весник н РСМ бр 202/2024), а во врска со Одлука број 02-89/5 од 09.04.2025 година на Управниот одбор на ЈП „Еремја“ Вевчани, Советот на Општина Вевчани на својата дваесет и прва седница одржана на ден 08.05.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**За узвојување на тримесечен финансиски извештај на ЈП „Еремја“ Вевчани**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува тримесечниот финансиски извешта на ЈП „Еремја“ Вевчани за период од 01.01.2025 до 31.03.2025 година..

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е финансискиот извештај на ЈП „Еремја“ Вевчани, за период од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука велгува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08-26/7**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 14-а став 1 точка 13 од Статутот на Општина Вевчани, Советот на Општина Вевчани на седницата одржана на ден 08.05.2025 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За давање на трајно користење на движна ствар**

**Член 1**

Советот на Општина Вевчани, дава на трајно користење на ЈП „Еремја“ Вевчани 75 (седумдесет и пет) Пластични контејнери од 1100 литри капацитет за комунален отпад.

**Член 2**

Од моментот на предавање на трајно користење на движните ствари наведени во член 1, сите права и обврски околу одржување, користење и располагање со контејнерите преминуваат на ЈП „Еремја“ Вевчани.

**Член 3**

Контејнерите се предаваат на трајно користење на ЈП „Еремја“ Вевчани, без надомест од страна на јавното претпријатие кон Општина Вевчани.

**Член 4**

Контејнерите се предаваат на трајно користење на јавното претпријатие по донесување на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила во моментот на нејзино донесување од страна на Советот на Општина Вевчани, а ќе биде објавена во „Службен гласник “ на Општина Вевчани

**Бр. 08-26/8**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на чл.32 ст.4 од Законот за финансирање на ЕЛС (Сл. Весник на Република Македонија бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 2019/18 и Сл. Весник на

Република Северна Македонија бр. 244/19 , 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и чл.36 ст. 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Република Македонија бр.5/02 ) Советот на ЕЛС Вевчани на 21 седница одржана на ден 08.05.2025 година година донесе :

**ОДЛУКА**

**За усвојување на квартален извештај за извршувањето на буџет на Општина Вевчани за 1 квартал 2025 година (образец К1), квартален извештај за доспеани ненамирени обврски за 1 квартал 2025 година (образец К2), и квартален извештај за промените и состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините за 1 квартал 2025 година (образец К3).**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши усвојување на квартален извештај за извршувањето на буџет на Општина Вевчани за 1 квартал 2025 година (образец К1), квартален извештај за доспеани ненамирени обврски за 1 квартал 2025 година(образец К2), и квартален извештај за промените и состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините за 1 квартал 2025 година (образец К3).

**Член 2**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето а, ќе се објави во Службен гласника на Општина Вевчани

**Бр. 08-26/9**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на чл.27 ст.4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС(Сл.весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25 ) и чл. 36 ст.1 точ.15 од Одлуката за изменување и дополнување на статут на Општина Вевчани,(Службен гласник на Општина Вевчани бр. 2/08), Советот на Општина Вевчани на својата 21 та седница одржана на ден 08.05.2025година донесе:

**ОДЛУКА**

**За усвојување на буџетски календар на Општина Вевчани за подготовка на буџетот на општината за 2026година**

**Член 1**

Со овој буџетски календар за подготовка на буџетот на Општина Вевчани за 2026година се утврдуваат рокови и носители на активности за подготовка на буџетот.

**Член 2**

Роковите и носителите на активности за подготовка на буџетот за 2026година се утврдени во следната табела:

| РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ – ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| 1 септември | Градоначалникот на општината до општинскитебуџетскитекорисницигидоставуваглавнитенасоки за изготвување на финансискипланови |
| 15 септември | Општински буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| 30 септември | Министерството за финансиидоставуваЦиркулар – насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалнатасамоуправа за наредната година |
| 10 октомври | а) се подготвувапроцена на вкупните приходи од одделение за финансискипрашања<br>б)се анализираат и усогласуваатбуџетскитебарања и финансискитепланови од страна на одделение за финансискипрашањаи се поднесуваат доградоначалникот<br>в) се изготвувапредложениоттрошковен план од одделение за финансискипрашања |
| 20 октомври | Градоначалникотподготвува предлог – план на програми за развој и годоставува до Советот на ЕЛС за одобрување |
| 30 октомри | Финансискиотодделгоизготвува предлог буџетот и годоставува до градоначалникот на разгледување и одобрување |
| 15 ноември | а)советотгоодобрува предлог - планот на програми за развојкојстанувасоставен дел на предлог - буџетот<br>б) предлог - буџетот се доставува до Советот на општината<br>в) се претставува предлог - буџетот на јавноста - граѓаните<br>г) се одржуваатјавнирасправи. |
| 1 декември | Се доставува конечен предлог - буџет од страна на градоначалникот |
| 10 декември | Се води расправа во телата на Советот на општината |
| 31 декември | Седница на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година |

**Член 3**

Буџетскиот календар за подготовка на буџетот за 2026година се применува со денот на донесувањето и ќе се објави во ,, Службен гласник на Општина Вевчани"

**Бр. 08-26/10**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и Службен весник н РСМ бр 202/2024), а по барање бр.05-283/1 од 25.03.2025 година од Здружение за развој на спортот и младите ВЕВЧАНСКО СПОРТСКО ДРШТВО, Советот на Општина Вевчани на својата дваесет и прва седница одржана на ден08.05.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се доделуваат финансиски средства на Здружение за развој на спортот и младите ВЕВЧАНСКО СПОРТСКО ДРУШТВО Вевчани од Вевчани во висина од

30.000,00 денари за учество на спортски настан - турнир во мал фудбалво општина Херцег Нови, Црна Гора.

**Член 2**

Средствата од член 1 од оваа одлука, во износ од 30.000,00 денари се утврдени во Буџетот на општина Вевчани за 2024 година, програма LO - Спорт и рекреација, конто 463110 - Трансфери до здруженија на граѓани и фондации.

**Член 3**

Доколку општина Вевчани утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат доделени, корисникот на средствата од член 1 на оваа одлука, истите треба во целост да ги врати во Буџетот на општина Вевчани.

**Член 4**

Оваа одлука велгува во сила со денот на нејзиното донесување, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08-26/11**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (сл. весник на РМ бр. 5/02 и сл.весник на РСМ бр. 202/24) и член 34 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници (Сл. весник на РМ бр. 28/03, 62/06, 08/09, 175/11 и 101/13), Советот на Општина Вевчани на дваесет и првата седница одржана на 08.05.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За отпис на побарувања и обврски**

**Член 1**

Советот на Општина Вевчани го усвојува предлогот на пописната комисија на Општина Вевчани за отпис на обврски, односно расходување на електрична опрема која е во не функционална состојба согласно извештајот за извршен попис со состојба на ден 31.12.2024 година.

**Член 2**

Се задолжуваат стручните служби на Општина Вевчани согласно член 42 од Законот за користење и располагање со ствари во државна сопственост (Сл. весник на РМ бр. 78/15, 106/15, 153/15 и 190/16), да ја спроведат потребната процедура за расходување на опремата наведена во Извештајот на пописната комисија.

**Член 3**

Одлуката да се достави до смедководствената служба на Општина Вевчани и да се извршат соодветните книжења.

**Член 4**

Оваа одлука велгува во сила со денот надонесување на истата, а ќебиде објавена во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 08-26/12**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (сл. весник на РМ бр. 5/02 и сл.весник на РСМ бр. 202/24), Советот на Општина Вевчани на дваесет и првата седница одржана на 08.05.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче запишано во учебната 2025/2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Вевчани одобрува исплата на парични средства во висина од 2,000,00 денари на семејствата со прваче запишани во учебната 2025/2026 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани.

**Член 2**

Средствата од член 1 да се исплатат од Буџетот на Општина Вевчани за 2025 година.

**Член 3**

Се задолжува ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани да ја обезбеди потребната документација од семејствата на полуматуранти кои ќе ги достават во прилог на барањето и тоа: Потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2025/2026 година заверена од основното училиште на територијата на Општина Вевчани (оригинал); Фотокопија од извод од матична книга на родени (за првачето); Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на еден од родителите од која се видливи податоците за живеалиштето во Општина Вевчани; Фотокопија од активна трансакциска сметка од родителот кој приложил копија од лична карта или патна исправа.

Целокупната документација наведена во став 1 од овој член да се достави до Општина Вевчани во најдоцна до 30 септември 2025 година.

**Член 4**

Оваа одлука велгува во сила со денот на објавување на истата во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 08-26/13**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (сл. весник на РМ бр. 5/02 и сл.весник на РСМ бр. 202/24), Советот на Општина Вевчани на дваесет и првата седница одржана на 08.05.2025 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За доделување еднократна парична помош на семејствата со полуматуранти запишани во учебната 2024/2025 година во ООУ „Страшо Пинџур" Вевчани**

**Член 1**

Советот на општина Вевчани одобрува исплата на парични средства во висина од 2,000,00 денари на семејствата со полуматуранти запишани во учебната 2024/2025 година во ООУ „Страшо Пинџур" Вевчани.

**Член 2**

Средствата од член 1 да се исплатат од Буџетот на Општина Вевчани за 2025 година.

**Член 3**

Се задолжува ООУ „Страшо Пинџур" Вевчани да ја обезбеди потребната документација од семејствата на полуматуранти кои ќе ги достават во прилог на барањето и тоа: Потврда за запишан ученик во деветто одделение во учебната 2024/2025 година заверена од основното училиште на територијата на Општина Вевчани (оригинал); Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа на еден од родителите од која се видливи податоците за живеалиштето во Општина Вевчани; Фотокопија од активна трансакциска сметка од родителот кој приложил копија од лична карта или патна исправа.

Целокупната документација наведена во став 1 од овој член училиштето да ја достави до Општина Вевчани во рок од 15 дена од приемот на оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука велгува во сила со денот на објавување на истата во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 08-26/14**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), Советот на општина Вевчани на дваесеттата седница, одржана на 08.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишна завршна сметка на ООУ „Страшо Пинџур„ Вевчани за 2024 година**

**Член 1**

Се усвојува годишнатазавршна сметка на ООУ „Страшо Пинџур„ Вевчани за 2024 година.

**Член 2**

Годишната завршна сметка на ООУ „Страшо Пинџур„ Вевчани за 2024 година е составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на општина Вевчани".

**Бр. 08-26/15**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002, и Службен весник на РСМ бр. 202/24) Советот на општина Вевчани на дваесет и првата седница одржана на 08.05.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Статутот на Општина Вевчани**

**Член 1**

Во глава **Г) Надлежност на советот**, во став 1 по точка 22 се додава нова точка 23 која гласи:

„23. Основа трговски друштва во согласност со закон".

Точката 23 станува точка 24.

**Член 2**

Оваа одлука станува составен дел на Статутот на Општина Вевчани број 08-19/5 од 13.03.2025 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на општина Вевчани".

**Бр. 08-26/16**
**08.05.2025 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Претседател,**
**Леон Даскалоски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за измена и дополнување**
**на Статутот на Општина Вевчани**

1. Се објавува, Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Вевчани.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 09-412/1**
**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за усвојување на тримесечен финансиски извештај на ЈП „Еремја" Вевчани**

1. Се објавува, Одлука за усвојување на тримесечен финансиски извештај на ЈП „Еремја" Вевчани.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 09-412/2**
**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за спроведување на ликвидација, назначување на ликвидатор и промена на назив и скратен назив на друштвото**

1. Се објавува, Одлука за спроведување на ликвидација, назначување на ликвидатор и промена на назив и скратен назив на друштвото.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 09-412/3**
**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за усвојување на годишна завршна сметка на ООУ „Страшо Пинџур„ Вевчани за 2024 година**

1. Се објавува, Одлука за усвојување на годишна завршна сметка на ООУ „Страшо Пинџур„ Вевчани за 2024 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани".

**Бр. 09-412/4**
**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од

Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за давање на трајно користење на движна ствар**

1. Се објавува, Одлука за давање на трајно користење на движна ствар.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/5**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Градоначалник**

**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за давање на трајно користење на движна ствар**

1. Се објавува, Одлука за давање на трајно користење на движна ствар.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/6**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Градоначалник**

**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Вевчани за 1 квартал 2025 година**

1. Се објавува, Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општина Вевчани за 1 квартал 2025 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/7**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Градоначалник**

**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за доделување на финансиски средства**

1. Се објавува, Одлука доделување на финансиски средства.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/8**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Градоначалник**

**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за усвојување на измена на годишен план за вработување на ЈП „Еремја“ Вевчани за 2025 година**

1. Се објавува, Одлука за усвојување на измена на годишен план за вработување на ЈП „Еремја“ Вевчани за 2025 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/9**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**

**Градоначалник**

**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за отпис на побарувања и обврски**

1. Се објавува, Одлука за отпис на побарувања и обврски.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/10**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче запишано во учебната 2025/2026 година**

1. Се објавува, Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со прваче запишано во учебната 2025/2026 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/11**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за усвојување на Буџетски календар за 2026 година**

1. Се објавува, Одлука за усвојување на Буџетски календар за 2026 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/12**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за прифаќање на иницијатива за за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план**

1. Се објавува, Одлука за прифаќање на иницијатива за за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/13**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02), и врз основа на член 73 од Статутот на општина Вевчани, Градоначалникот на Општина Вевчани, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со полуматуранти запишани во учебната 2024/2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани**

1. Се објавува, Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со полуматуранти запишани во учебната 2024/2025 година во ООУ „Страшо Пинџур“ Вевчани.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Вевчани“.

**Бр. 09-412/14**

**12.05.2025 год.**

**ОПШТИНА ВЕВЧАНИ**
**Градоначалник**
**Спасе Кочовски**